**СТОПАНСКА БАНКА АД-СКОПЈЕ**

# ОДЛУКА

за определување на износот и начинот на исплата на дивиденда на обичните акции

Скопје, мај 2025

Врз основа на член 26 од Статутот на Стопанска банка АД - Скопје (А.Д. 470/31.05.2024 пречистен текст), Собранието на акционери на Стопанска банка АД-Скопје донесе

**ОДЛУКА**

**за определување на износот и начинот на исплата на дивиденда на обичните акции**

1. Собранието на акционери на Стопанска банка АД - Скопје (СБ) ја одобрува исплатата на дивиденда на обичните акции во вкупен бруто-износ од 3.998.381.220,00 денари.

2. Бруто-дивиденда по акција изнесува 229,00 денари.

3. Датум на евиденција според кој се определува листата на акционери кои имаат право на дивиденда, односно датум на пресек на Акционерската книга е 16.06.2025 година.

4. Последен ден на тргување со право на дивиденда е 12.06.2025 година.

5. Прв ден на тргување без право на дивиденда е 13.06.2025 година.

6. Исплатата на дивиденда ќе се реализира почнувајќи од 10.07.2025 година и таа ќе биде исплатена во готово, на платежните сметки на имателите на обични акции.

7. СБ ќе го објави известувањето до акционерите со право на дивиденда во најмалку еден дневен весник и на интернет-страницата на СБ.

8. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

С.О. бр. 2025
30.05.2025
Скопје

**СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**
Претседавач

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Со оваа Одлука се определува износот и начинот на исплата на дивиденда на обичните акции согласно одредбите на Законот за трговски друштва.

Со приложената Одлука се предлага остатокот од расположливата добивка од 2022 година во износ од 892.001.332,00 денари и дел од расположливата добивка од 2023 година во износ од 3.106.379.888,00 денари, или вкупен износ на 3.998.381.220,00 денари да се исплати како бруто-дивиденда на имателите на обични акции на Стопанска банка АД - Скопје. Вкупниот износ на обични акции изнесува 17.460.180 денари и бруто-дивидендата по акција изнесува 229,00 денари.

Согласно важечката регулатива, исплатата ќе се изврши почнувајќи од 10.07.2025. Исплатата на дивиденда ќе се изврши на сите регистрирани акционери на ден 16.06.2025.

Банката ќе го пресмета и ќе го намали износот од бруто-дивидендата на сите даноци согласно важечката регулатива на денот на исплатата.

Согласно наведеното, се предлага Собранието на акционери да ја донесе оваа Одлука.

Скопје, мај 2025